РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-382/6
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**СЕ КОНСТАТИРА** дека лицето ----------- В.Д директор на --------------- нема сторено повреда на одредбите од член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што постапката по предметот заведен под број 09-382/1 од 24.01.2024 година против лицето ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-382/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно со член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето -------------- со бр. 09-1913/1 од 28.03.2023 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Совет на општина -------- во исто време ја врши и функцијата В.Д. директор на ------------------, што е во спротивност со членот 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заради проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ------------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-382/2 од 06.02.2024 година со цел добивање на информации дали истото лице се уште ги извршува споменатите функции.

Службеното лице -------------- не достави одговор по горенаведеното барање до ДКСК.

ДКСК со барање за доставување на податоци и информации, заведено под бр.09-382/1 од 22.04.2024 година и ургенција по истото барање, заведена под бр. 09-382/4 од 04.06.2024 година, се обрати до Општина ------------- со барање за информација дали наведеното лице се уште ја извршува функцијата член на Совет на Општина ------------.

Со допис заведен под бр. 09-382/5 од 13.06.2024 доставен е одговор од Општина ---------- со информација дека на лицето ------------- со Решение бр. 08-382/15 од 14.03.2023 година, донесено од советот на Општина ---------, му престанал мандатот пред истек на времето за кое е избран, согласно со член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа, поради тоа што настапил случај на неспоивост со функцијата член на советот, од кое Решение е доставена копија во прилог на дописот .

При вака утврдена фактичка состојба, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, бидејќи не е констатирана повреда на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.М.М - член на ДКСК